# Поплави и болести што ги пренесуваат комарци

## Информации како да се спречат болести што ги пренесуваат комарци после поплава или голем дожд

**Macedonian | Македонски**

**OFFICIAL**

После поплава или голем дожд, комарците растат и се размножуваат во заостанатите бари. Комарците може да пренесуваат болести и да ве заразат кога ќе ве каснат.

**Најдобриот начин да спречите болести што ги пренесуваат комарците е да одбегнувате да ве каснат комарци!**

Меѓу заразните болести што ги пренесуваат комарци во Викторија се вирусот од реката Рос (Ross River), вирусот од шумата Барма (Barmah Forest), енцефалитисот од долината на Мари (Murray Valley Encephalitis - MVE) и вирусот на јапонскиот енцефалитис (Japanese encephalitis - JE). Кај некои луѓе, вирусите JE и MVE можат да предизвикаат тешка болест и смрт. Вакцината против JE е бесплатна за специфична група на луѓе - проверете со вашиот семеен доктор (GP) дали ги исполнувате условите. Повеќе информации за вакцината против JEV може да се најдат тука.

### Заштитете се од каснување на комарци!

- Покривајте се. Носете долга и широка облека во светли бои
- Користете средства против инсекти (insect repellents) што содржат пикаридин или DEET.
- Не ги заборавајте децата - секогаш проверете го упатството за употреба на средството против инсекти. Кај бебињата, со средството испрскајте ја или истријте ја нивната облека, а не кожата. Не го ставајте средството на рацете на бебињата или малите деца.
- Не излегувајте ако надвор видите многу комарци, особено во мугри и зајдисонце, кога тие најмногу касаат.
- Спијте под мрежа за комарци ако сте на отворено и не сте заштитени со мрежа за инсекти (insect screens).
- Користете спреј против муви, спирали за комарци (mosquito coils) или електрични апарати против инсекти (plug-in repellent) во простории каде се собирате да седите или јадете.
- Одбегнувајте места каде има застојана вода, одбегнувајте ја областа и останете во затворен простор ако е можно.

### Околу куќа

- Отстранете ја водата и садовите во кои се размножуваат комарци, вклучително кофи, стари гуми, аквариуми, незатворени резервоари за вода и подлоги за саксии.
- Садовите за вода околу куќа треба да се празнат најмалку еднаш неделно.
- Сите прозорци, врати, отвори за вентилација и други отвори покријте ги со мрежи за инсекти.
- Отстранете го отпадот или растенијата од канализацијата и олуците.
- Намалете ги водените површини во и околу дворовите.
- Проверете дали мрежата на резервоарот за вода правилно работи и заменете ги оштетените мрежи.

## Каде да се добие помош

Ако имате здравствени проблеми, отидете кај вашиот семеен доктор (GP) или јавете се на Nurse-On-Call на 1300 60 60 24. Во итни случаи јавете се на 000. За друга поддршка обратете се на вашата општина.

За да ја добиете оваа публикација во достапен формат, пратете имејл на pph.communications@health.vic.gov.au